РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-621/2

03.04.2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 16-тата седница одржана на ден 28.03.2025 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-621/1 од 04.02.2025 година оформен по пријава поднесена од познат подносител против лицето ----------, в.д директор на ЈУ ----------, СЕ ЗАПИРА поради тоа што наводите од пријавата не се потврдуваат и не се констатирани повреди на закон.

Предметот со број 12-621/1 од 04.02.2025 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку полномошник --------- адвокат од Скопје, на ден 04.02.2025 година, е поднесена пријава против лицето ---------, в.д директор на ЈУ ----------, со сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување така што за себе прибавила корист, по која е оформен предмет со број 12-621/1 од 04.02.2025 година. Кон пријавата се доставени прилози.

Во пријавата се изнесени наводи дека пријавителот ---------, во својство на тужител, до надлежниот Основен суд --------, поднел тужба за утврдување на дискриминација и надомест на штета, против правното лице ЈУ -------- како првотужен и против сега пријавената ------- како второтужена. Се наведува дека пријавената ---------- била тужена

како физичко лице, а не била тужена како овластено лице на првотуженият ----------. Пријавителот го загубил судскиот спор, тужбеното барање му било одбиено како неосновано и бил задолжен на тужените да им ги надомести трошоците на постапката. Се наведува дека пријавителот по завршување на судскиот спор и присилната наплата на трошоците, дознал дека пријавената ----------, иако во судскиот процес била тужена како физичко лице заради што требало половина од адвокатските трошоци да ги плати лично таа како физичко лице, а другата половина од адвокатските трошоци да ги плати ЈУ --------- таа во својство на службено лице – вд директор на наведената Установа, дала налог целиот износ на име адвокатски трошоци за адвокатот кој ја застапувал и неа и правното лице, да се плати само од сметката на ЈУ --------- и тоа од несоодветна буџетска ставка. Подносителот смета дека со ова дејствије, таа како службено лице ја злоупотребила службената положба и за себе прибавила корист (во висина на износот кој требало да го плати како физичко лице од своја сметка како тужена), а на правното лице Јавната установа -------- му нанела штета. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините надлежности.

По разгледувањето на пријавата и прилозите кон истата, меѓу кои и пресуда на Основен суд --------, пресуда на Апелациониот суд Скопје и Налог за извршување врз плата и други парични побарувања, ДКСК констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не произлегува дека има незаконито постапување на службеното лице на штета на јавната установа каде што врши службена должност. Имено, видно од пресудите на првостепениот и второстепениот суд е дека пријавителот поради тоа што го загубил спорот бил задолжен да им плати на тужените парнични трошоци во вкупен износ од 118.390,00 денари. Видно пак од налогот за извршување од надлежен извршител И.бр.---/22 е дека доверителите, овде пријавената -------- и ЈУ ---------, поднеле барање за извршување врз основа на извршната исправа - пресуда на Основен суд -------- и пресуда на Апелациониот суд Скопје против овде пријавителот -------- како должник за износот на досудените трошоци на постапката од 118.390,00 денари и дека со издадениот Налог за извршување од извршителот била определена забрана на дел од платата на должникот за наплата на паричното побарување, вклучувајќи ги и трошоците на извршувањето и му се наложува на работодавецот забранетиот износ од платата на должникот да му го исплатува на доверителот ЈУ ----------. Оттука произлегува дека во случајот воопшто нема исплата од сметката на јавната установа, туку во корист на сметката на јавната установа и тоа вкупниот износ на досудени трошоци на постапката за двајцата тужени според налогот за извршување треба да се уплати на сметката на јавната установа.

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не се констатирани повреди на закон, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, Член на ДКСК